# Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ РАБОТИ-ИНСПЕКТОРАТ ПРИ ОПШТИНА БОСИЛОВО ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ –ЈУНИ, 2025 година

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Дел. Бр.** | **01-2508/1** | | **Ристо Манчев**<br>[име и презиме] |
| **Датум:** | **14.07.2025 г** | | **Градоначалник**<br>[функција / звање на раководител на инспекциска служба] |
| **Место:** | **Босилово** | **(м.п.)** | [потпис] |

Јули 2025 година

# Општина Босилово

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**Резиме**

Врз основа на член 35 од Законот за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ“ бр.102/19), а согласно Правилникот за формата и содржината на извештајот за работа на инспекциската служба за претходната година („Сл.весник на РСМ“ бр.238/19), изработен е овој извештај за работа на одделението за инспекциски работи-инспекторат за период Јануари-Јуни 2025 година.

Раководителот на инспекциската служба донесува извештај за работа на одделението за инспекциски надзор во месец Јули за период Јануари-Јуни во тековната година, односно најдоцна до 15 Јануари за период Јули-Декември од претходната година, кој се објавува на веб страната на општината.

Во општина Босилово нема вработен раководител на инспекциската служба, затоа извештајот за работа за претходната година го донесува Градоначалникот.

Во годишниот извештај се презентирани активностите на одделението за инспекциски надзор на општина Босилово. Сите реализирани активности беа превземени со цел исполнување на законските обврски за вршење на инспекциски надзор во областите од надлежност на општина Босилово.

Инспекцискиот надзор во Општина Босилово се врши преку Одделение за инспекциски работи - Инспекторат и овластените инспектори на општината. Инспекцискиот надзор се вршеше во секоја област поединечно за која е надлежна општината, согласно Законот за инспекциски надзор, како и законите од кои произлегуваат овластувањата за инспекциски надзор на овластените инспектори.

Во изминатиот период инспекцискиот надзор и контрола над субјектите, правни и физички лица се вршеше согласно одредбите од: Законот за градење; Закон за градежно земјиште;Закон за јавна чистота;Закон за комунални дејности; Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадниводи;Закон за зеленило, Закон за гробишта и погребални услуги;Закон за управување со отпадот; Закон за превоз во патниот сообраќај; Закон за животната средина;Закон за водите;Закон за заштита од бучава во животната средина;Закон за квалитет на амбиенталниот воздух;Закон за управување со пакување и отпад од пакување;Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадните батерии и акумулатори;Закон за инспекциски надзор;Закон за општа управна постапка; Закон за постапување по предлози и претставки; Закон за прекршоци; Кривичен законик;Закон за локална самоуправа; Закон за администрација; Закон за меѓуопштинска соработка; Подзаконски акти донесени од надлежните министерства и Советот на Босилово.

При вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторите постапуваат согласно Уставот, законите и други прописи донесени согласно закон. Инспекторите го вршат инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес. Инспекторите во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедуваат еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи. Инспекцискиот надзор го вршат во пропишаните рокови во

првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи. Инспекторите се самостојни при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор. При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторите ги превземаат само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот. Инспекторите по службена должност ја утврдуваа фактичката состојба и изведуваа докази во постапката на инспекцискиот надзор. При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторите се водеа од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци. При вршење на инспекцискиот надзор каде што е тоа можно, инспекторите првенствено вршеа превентивна функција, а изрекуваа инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не можеше да се обезбеди целта на надзорот.

Согласно методологијата за вршење на инспекциски надзор од страна на Инспекцискиот совет на Република Северна Македонија улогата на инспекторот не е само вршење инспекциски надзор туку воедно и зголемување на свесноста и информираноста на субјектите на надзор, со цел да се постигне повисоко ниво на усогласеност со законската регулатива опишано како „начело на превенција„ односно промоција на принцип на доброволна усогласеност со законските барања.

Одговорниот и ефективен регулаторен систем ги користи инспекциските надзори за прибирање на податоци и од нивна анализа добива информации за усогласеноста на субјектите на надзор со законска регулатива, а потоа и ги користи тие инфомации за пронаоѓање на главни причини кои допринесуваат за ниското ниво на усогласеност.

**Управување со ризици**

Модерните инспекциски системи се стремат да постигнат доброволна усогласеност со имплементирање на принципите за управување со ризици во самиот процес на инспекцискиот надзор. Управување на ризици значи насочување на ресурсите на инспекцијата онаму каде ризикот за сериозни неправилности е најголем, воедно користејќи минимум потребно ниво на интервенција за да се обезбеди усогласеност.

Планираниот степен на ризик во годишниот план за 2025 е претпоставен и определен на ниво од среден(умерен) степен на ризик. Степенот на ризик се менува доколку се сменат околностите врз основа на кои е донесен постојниот.

**Организација и раководење**

Инспекциската служба во општина Босилово е организирана на ниво на Одделение за инспекциски работи-Инспекторат. Местото раководител на инспекциските служби не е пополнето и затоа со инспекциската служба –одделение за инспекциски работи непосредно раководи градоначалникот.

Одделението за инспекциски работи-ИНСПЕКТОРАТ е основано со Одлука на Советот на општините Босилово, Василево и Ново Село за основање заеднички административни тела на општините Босилово,Василево и Ново Село со арх.бр.07-638/1 од 30.09.2005 година(Сл.гласник на општина Босилово 05/05).

Инспекторите кои се опфатени со одлуката и договорот за меѓуопштинска соработка го покриваат и теренот на другите две општини Василево и Ново Село поради што планирањето и спроведувањето на надзорите го распределуваат на трите општини, согласно на тоа се јавуват и поголем обем на надзори кои тие го опфаќаат како и опфаќање на поголема територија на надзор.

Инспекторите кои вршат инспекциски надзор во општините Василево и Ново Село според договорот за меѓуопштинска соработка се:

1.Советник овластен просветен инспектор,
2. Советник овластен инспектор за патен сообраќај,
3.Советник овластен градежен инспектор,
4. Советник овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци и такси.

Во месец Ноември се воспостави договор за меѓуопштинска соработка помеѓу општина Босилово и општина Ново Село со бр.03-2381/1 од 22.11.2024 г и 03-3352/1 од 20.11.2024 година, согласно Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Советот на општина Ново Село бр.08-2325/2 од 13.09.2024 г и Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка на Советот на општина Босилово со бр.08-2234/1 од 12.11.2024 година, за вршење определени работи од страна на општина Босилово во рамки на спроведување на инспекциски надзор од областа на животната средина во полза на општина Ново Село.

Согласно договорот овластениот инспектор за животна средина на општина Босилово во периодот Јануари-Јуни вршеше инспекциски надзор и на територија на општина Ново Село.

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk


**ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР**

**Одделението за инспекциски работи-инспекторат** ги врши следните задачи: врши инспекциски надзор над спроведување и почитување на обврските утврдени со закон и други прописи и одлуките на општина Босилово, поведува постапки пред надлежните органи и судови, донесува решенија и други акти во вршењето на инспекцискиот надзор, покренува и врши анализа на одредени состојби во општината и дава предлози до Градоначалникот и Советот за нивно разрешување.

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

Во одделението за инспекциски работи, работат следните инспекциски служби:

1.Советник овластен просветен инспектор
2. Советник овластен инспектор за патен сообраќај
3.Советник овластен градежен инспектор,
4.Советник овластен инспектор за животна средина,
5. Советник овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци и такси
6.Советник овластен комунален инспектор

1. **<u>Овластен просветен инспектор:</u>**

Во периодот Јануари-Јуни, овластениот просветен инспектор, во доменот на своите надлежности и овластувања, вршеше увид над спроведувањето на законите и другите прописи и општи акти во воспитно-образовните установи основани од општина Босилово како и контролни надзори по истекот на определен рок за отстранување на утврдени недостатоци. Имајќи ја во предвид динамиката на активности во воспитно-образовните институции утврдени со Годишниот календар за работа за учебната 2025/2026, во наведениот период посебен акцент беше ставен на:

- Запишувањето на учениците во основните училишта на општина Босилово за учебната 2025/2026 година;
- Постапката за формирање на училишните органи во воспитно-образовните установи основани од општина Босилово;
- Условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи основани од општина Босилово;
- Контрола на средствата стекнати од сопствени извори во воспитно-образовните установи основани од општина Босилово;

Во функција на квалитетно и ефикасно спроведување на законските прописи за унапредување на квалитетот на образованието од страна на овластениот просветен инспектор е утвредено дека значително е зголемена одговорноста на училиштата во однос на законската обврска за задолжително основно образование, имено истото резултира со континуирано и доследно евидентирање на учениците кои нередовно посетуваат настава или го напуштиле школувањето како и редовно пријавување во инспекциската служба.

Во согласност со констатираните состојби, од страна на овластениот просветен инспектор беа превземени соодветни, со Закон пропишани мерки и активности и реализирани консултативни и работни средби.

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**Ризиците при вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција се проценети како ризици со средни штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен ризик при контролата на запишувањето на учениците каде што досегашната пракса покажала умерена зачестеност во повторувањето на неправилностите.**

**Исто така се предвидува средни штетни последици со ниска зачестеност за повторување, односно, умерен ризик при контролата на постапката за формирање на училишните органи, условите за избор на наставници и стручни соработници во воспитно-образовните установи.**

**Ваквата состојба пред** cé се рефлектираше на бројот на реализираните редовни инспекциски надзори планирани со месечните планови за работа на овластениот просветен инспектор. Сепак во наведениот период просветната инспекција редовно и навремено одговараше на иницијативите на ученици, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовните установи и од други граѓани и во случаите на утврдени неправилности превзема соодветни, со закон предвидени мерки.

Табела 1.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Босилово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен просветен инспектор | 8 | 0 | 0 | 8 | 0 |

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**2.Овластен инспектор за патен сообраќај:**

**Спроведува активности според донесениот годишен план согласно Законот за инспекциски надзор, Законот за превоз во патниот сообраќај, Уредбата со законска сила за изменување на уредбата со законска сила за примена на законот за превоз во патниот сообраќај за време на вонредна состојба, како и согласно ЗОУП. Се грижи за почитување на законските обврски на превозниците на јавен превоз, го следи процесот околу лиценцирање на авто такси превозниците и општинскиот линиски превоз, води евиденција за издадени лиценци за вршење јавен превоз на патници во општина Босилово, како и издадени сертификати за авто такси возачите. Инспекторот ја следеше континуирано состојбата со јавниот превоз но и секојдневно вршеше инспекциски надзори заедно со претставници од полициска станица Струмица. Континуирано се врши инспекциски надзор врз патниот сообраќај на општина Босилово.**

**Инспекторот за патен сообраќај вршеше инспекциски надзор над:**

- Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Босилово;
- Превозниците кои вршат авто-такси превоз на територија на Општина Босилово.

Датумите предвидени за редовен повремено претрпуваа измени затоа што инспекцискиот надзор над превозот се врши во присуство на полициски службеници од МВР при СВР Струмица (запирање и контрола на возилата и возачите). Во зависност од активностите и расположивите човечки ресурси на МВР при СВР Струмица се реализираше вршењето на редовен и вонредниот инспекциски надзор над превозот.

Табела 2.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Босилово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Инспектор за патен сообраќај | 8 | 0 | 1 | 9 | 1 |

**3.Овластен градежен инспектор:**

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за градење како и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон.

Согласно горе наведените прописи, градежниот инспектор, во изминатиот период, претежно вршеше вонредни инспекциски надзори по иницијативи за инспекциски надзор од правни и физички лица, како и по барање на други државни органи (МВР, ОЈО, ДП).

Градежниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со законот, континуирано соработуваа со сите одделенија и сектори во Општина Босилово, а по потереба и органите на државно ниво.

Обврска на инспекцијата за градежништво подразбира вршење на инспекциски надзор над законитоста при изработка на проектна документација за изработка на објекти од втора категорија, издавањето на одобрение и решение, градење и надзор над градби од втора категорија во општина Босилово, согласно позитивните законски прописи и општи акти на Република Северна Македонија.

Овластениот градежен инспектор спроведува активности согласно Законот за градење, Законот за инспекциски надзор, Закон за општа управна постапка, Закон за прекршоци, Закон за постапување по претставки и предлози, Закон за локална самоуправа, Закон за административни службеници, Закон за меѓуопштинска соработка.

Табела 3.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Босилово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Градежен инспектор | 0 | 31 | 31 | 62 | 31 |

Во изминатиот период согласно склучениот договор за меѓуопштинска соработка со други општини во делот на градежна инспекција (Општина Ново Село и Општина Босилово) претставуваше големо оптоварување во работата на овластениот градежен инспектор.

Во градежната инспекција постои голем проблем поради недостаток на човечки ресурси. Моментално во Општина Босилово работи 1 овластен градежен инспектор (кој ги покрива и другите две општини Василево и Ново Село). Анализирајќи го бројот на пристигнати Иницијативи за вршење на инспекциски надзор за градежна инспекција во изминатиот период од неколку години наназад, како и бројот на: одобренија за градење, за

реконструкција, Решенија од Градоначалник за градби за кои не е потребно одобрение, Дозволи за поставување на урбана опрема, понатаму голем број на жалби по донесено Решение и Заклучок за дозвола за извршување, Одлуки на второстепен орган или Управен суд за поништување на првостепено Решение или Заклучок за дозвола за извршување и враќање на постапката на повторно одлучување, констатирано е дека има премногу обврски за 1 извршител – овластен градежен инспектор. Од сето ова произлегува дека овластениот градежен инспектор треба да врши континуирано редовен инспекциски надзор над одобренијата и решенијата издадени од надлежен орган на Општина Босилово, потоа вонреден надзор по иницијативи за инспекциски надзор (кои се во многу голем број), како и контролни надзори по издадени решенија од негова страна и започнување на повторни инспекциски постапки по поништување на решенијата од повисоки органи, врз основа на жалбена постапка. Поради сето ова на мислење сме дека треба да има промена на систематизацијата и вработување на правник во одделението за инспекциски надзор кој би помагал во донесување на актите и би ги водел жалбените и прекршочните постапки како и доставување на акти до ОЈО за поведување на кривични постапки.

**4.Овластен инспектор за животна средина:**

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област е Законот за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за квалитет на амбиентниот воздух, Закон за заштита од бучава, Закон за пакување и отпад од пакување, Закон за електричен и електронски отпад, Закон за води како и подзаконските акти донесени врз основа на овие закони.

Инспекцискиот надзор во периодот Јануари-Јуни 2025 година се вршеше редовно или по добиена пријава и/или сознание од страна на други државни органи, организации, правни и физички лица.

Овластениот инспектор за животна средина на општина Босилово вршеше инспекциски надзор над правни и физички лица, во деловните простории, инсталациите, објектите, како и на средствата и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти и тоа како:

-редовен
-вонреден
-контролен инспекциски надзор

Во таа смисла со инспекциски надзор беа опфатени сите области од делокругот на работа, а со цел доследно спроведување на прописите од страна на субјектите над кои се извршува надзорната функција.

Инспекциски надзор во инспекција за животна средина година се врши од страна на еден извршител - овластен инспектор за животна средина. Инспекцискиот надзор се спроведуваше и врз основа на годишниот и месечниот план за работа на овластениот инспектор за животна средина за 2025 година.

Во рамките на своите надлежности инспекторот за животна средина:

- Врши инспекциски надзор над одредени состојби согласно Законот за животна средина;
- Врши надзор на примената на мерките за заштита од штетна бучава;
- Врши надзор над примената на мерките за заштита од непријатни миризби во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот;
- При надзорот има право да утврди дали е добиена потребна еколошка дозвола утврдена со закон, да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Прима поднесоци (барања, предлози, пријави, молби, жалби и др.) ги разгледува и одлучува по истите;
- Составува записник за констатирана состојба при инспекцискиот надзор и донесува решение;
- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка, поднесува кривична пријава за сторено кривично дело согласно закон;
- Води евиденција за извршените контроли на правните и физичките лица;

Посебно внимание им беше дадено на следните аспекти од работењето:

- Утврдување на капацитетот, активностите и видот на производство на операторот и инсталацијата и исполнување на обврската за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола или елаборат за заштита на животната средина, согласно уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општина Босилово,
- Контрола и опис на операторот и инсталацијата од аспект на суровините, материјалите и енергијата, произведени или употребени во инсталацијата,

- Увид во работните простории, како и на приватниот имот околу објектот, кој е предмет на контрола каде се одвива работниот процес и/или се одлагаат суровини и други материјали што се користат во работењето и/или се третираат како отпаден материјал,
- Контрола на активностите на операторот и инсталацијата кои ја загрозуваат или може да ја загрозат животната средина и превземање на понатамошни законски, предвидени мерки,
- Утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина,
- Утврдување на податоци(мерења) за емисии во површинските отпадни води, атмосфера, податоци за бучава и вибрации, како и податоци за цврст и течен отпад, во координација со акредитирана лабораторија за животна средина,

Ризиците при вршењето на инспекциски надзор на инспекцијата за животна средина се проценети како ризици со средни до високи штетни последици по здравје и безбедност со ниска до средна зачестеност за повторување, односно умерен до значителен ризик во контролата на правни и физички лица.
Редовно и навремено се одговараше на иницијативите, барањата, односно пријавите поденсени од државни органи, физички  или правни лица во врска со потенцијална можност за загрозување на животната средина.

Табела 4.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Босилово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластен инспектор за животна средина | 2 | 33 | 12 | 47 | 17 |

.

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk

**5. Советник овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци и такси:**

Појдовна основа за вршење инспекциски надзор во оваа област се Законот за даноците на имот, Закон за комуналните такси, Закон за инспекциски надзор, Закон за општа управна постапка, Закон за прекршоците.

Задачите и активностите кои ги извршува овластениот инспектор за утврдување и наплата на даноци и такси се систематизира по области и тоа:

- Инспекциски надзор,
- Аналитичко- информативна дејност,
- Обуки и работни состаноци,
- Нормативна дејност.

Овластениот инспектор за утврдување и наплата на даноци и такси инспекцискиот надзор за даноците на имот го спроведе над правни и физички лица и тоа од аспект дали истите го имаат пријавено имотот за оданочување и дали за тоа го имаат платено во целост данокот од имот согласно законот.

Инспекцискиот надзор на комуналните такси за истакната фирма се врши над правни и физички лица согласно Законот за комунална такса, односно дали обврзниците во целост и навремено ги уплаќаат таксите, според утврдениот тарифник.

Вршењето на инспекцискиот надзор опфаќа:

- Инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописи на општина Босилово согласно Законот за данок на имот и Законот за комунална такса и останати законски одредби поврзани со оваа област;
- Врши увид на терен и изготвува записници за констатирани состојби и наоди;
- Изрекува со закон пропишани мерки;
- Води управна постапка во прв степен и донесува Решенија;
- Поднесува барања за прекршочна постапка;
- Секојдневно комуницира со странки и одговара на прашања од областа на законите за даноци од имот и Законот за комунални такси;
- Постапува по претставки на граѓани;
- Врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примена на законските одредби.

Табела 5.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Босилово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Овластениот инспектор за утврдување и наплата на даноци и такси | 3 | 0 | 0 | 3 | 0 |

**6.Советник овластен комунален инспектор:**

Комуналниот инспектор при општина Босилово во периодот Јануари-Јуни 2025 г, вршеше инспекциски надзор врз основа на утврдените надлежности со Законот за Комунални дејности, Законот за јавна чистота, Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Закон за управување со отпад, Закон за урбано зеленило, Одлуката за комунален ред на Општина Босилово и други законски и подзаконски акти, како и измените и дополнувањата на законските и подзаконските акти, а се во надлежност на општинскиот комунален инспектор.

Инспекцискиот надзор го врши во согласност со законот за инспекциски надзор, Законот за општа управна постапка, Законот за прекршоците, Законот за локална самоуправа и други законски и подзаконски акти.

Во рамките на своите надлежност, комуналниот инспектор вршеше постојан надзор над спроведувањето и придружувањето кон одредбите од горенаведените закони. Инспекцискиот надзор, согласно Законот за инспекциски надзор, се спроведуваше како:

-редовен,
-вонреден
-контролен

Инспекцискиот надзор се спроведуваше и врз основа на годишниот и месечниот план за работа на комуналниот инспектор за 2025 година.

Сите планирани редовни инспекциски надзори се извршени, сите вонредни надзори се извршени во законски утврдените рокови. Вонредните инспекциски надзори се извршени по основ на службена должност, по иницијатива(барање) на граѓани и по налог на

градоначалникот, согласно член 71 од законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр.102/2019),
-контролни надзори се извршени, бидејќи се утврдени и неправилности за кои е издадено решение со опомена и рок за отстранување на неправилноста.
Сите инспекциски надзори се целосно документирани и заведени во архивата, согласно законската регулатива.

Покрај овие инспекциски надзори кои се документирани и архивирани, комуналниот инспектор има направено и редовни обиколки на терен, увид на терен после телефонска анонимна пријава и сл.

Табела 6.1. Преглед на вкупен број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид

| Реден бр. | Општина Босилово 1 извршител | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1 | Комунален инспектор | 12 | 11 | 6 | 29 | 7 |

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk


*Табела 1 Преглед на бројот на инспектори кои вршеле инспекциски надзор во полугодието, по вид, возраст и звање*

| Вид | Просветен Инспектор | | | | | | Инспектор за патен сообраќај | | | | | | Градежен Инспектор | | | | | | Инспектор за заштита на животна средина | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | |
| **Б2 – главен инспектор** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | |
| **Б3 – пом. главен инспектор** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | |
| **Б4 – виш инспектор** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | |
| **В1 – советник инспектор** | | | | 1 | | **1** | | 1 | | | | **1** | | 1 | | | | **1** | | 1 | | | | **1** |
| **В2 – самостоен инспектор** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | |
| **В3 – помошник инспектор** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | |
| **В4 – помлад инспектор** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | **0** | | | | | | |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **1** | **0** | **1** | **0** | **0** | **0** | **1** |

Тел./факс: 034 37 16 00
E-mail: opstinabosilovo1@gmail.com
www.opstinabosilovo.gov.mk


| Вид | **Инспектор за утврдување и наплата на даноци и такси** | | | | | | Комунален Инспекотр | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | 1 | | | | 1 | | | | 1 | | 1 | | | | | | 6 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6 |

*Табела 2 Преглед на нови вработувања и пензионирања на инспектори во полугодието*

| **Вид** | **Инспектор за [вид 1]** | | | **Инспектор за [вид 2]** | | | **Инспектор за [вид n]** | | | **Вкупно инспектори** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** |
| **Б1 – генерален инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б2 – главен инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б3 – пом. глав. инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Б4 – виш инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В1 – советник инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В2 – самостоен инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В3 – помошник инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **В4 – помлад инспектор** | | | **0** | | | **0** | | | **0** | 0 | 0 | **0** |
| **Вкупно** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

## Инспекциски надзор

[Делот инспекциски надзор содржи приказ на реализацијата на годишниот и месечните планови за инспекциски надзор. Во овој дел се презентираат статистички информации и податоци во табеларен преглед во формат како во Табела 3. подолу.]

*Табела 3 Преглед на вкупниот број на откриени неправилности и спроведени инспекциски надзори според вид во полугодието, по региони и општини*

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| | **Вардарски регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 1 | Велес | | | | 0 | 0 |
| 2 | Градско | | | | 0 | 0 |
| 3 | Демир Капија | | | | 0 | 0 |
| 4 | Кавадарци | | | | 0 | 0 |
| 5 | Лозово | | | | 0 | 0 |
| 6 | Неготино | | | | 0 | 0 |
| 7 | Росоман | | | | 0 | 0 |
| 8 | Свети Николе | | | | 0 | 0 |
| 9 | Чашка | | | | 0 | 0 |
| | **Источен регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 10 | Берово | | | | 0 | 0 |
| 11 | Виница | | | | 0 | 0 |
| 12 | Делчево | | | | 0 | 0 |
| 13 | Зрновци | | | | 0 | 0 |
| 14 | Карбинци | | | | 0 | 0 |
| 15 | Кочани | | | | 0 | 0 |
| 16 | Македонска Каменица | | | | 0 | 0 |
| 17 | Пехчево | | | | 0 | 0 |
| 18 | Пробиштип | | | | 0 | 0 |
| 19 | Чешиново | | | | 0 | 0 |
| 20 | Штип | | | | 0 | 0 |
| | **Југозападен регион** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| 21 | Вевчани | | | | 0 | 0 |
| 22 | Дебар | | | | 0 | 0 |
| 23 | Дебарца | | | | 0 | 0 |
| 24 | Кичево | | | | 0 | 0 |
| 25 | Македонски Брод | | | | 0 | 0 |
| 26 | Охрид | | | | 0 | 0 |
| 27 | Пласница | | | | 0 | 0 |
| 28 | Струга | | | | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 29 | Центар Жупа | | | | 0 | 0 |
| | Југоисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 30 | Богданци | | | | 0 | 0 |
| 31 | Босилово | 33 | 75 | 50 | 158 | 56 |
| 32 | Валандово | | | | 0 | 0 |
| 33 | Василево | | | | 0 | 0 |
| 34 | Гевгелија | | | | 0 | 0 |
| 35 | Дојран | | | | 0 | 0 |
| 36 | Конче | | | | 0 | 0 |
| 37 | Ново Село | | | | 0 | 0 |
| 38 | Радовиш | | | | 0 | 0 |
| 39 | Струмица | | | | 0 | 0 |
| | Пелагониски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 40 | Битола | | | | 0 | 0 |
| 41 | Демир Хисар | | | | 0 | 0 |
| 42 | Долнени | | | | 0 | 0 |
| 43 | Кривогаштани | | | | 0 | 0 |
| 44 | Крушево | | | | 0 | 0 |
| 45 | Могила | | | | 0 | 0 |
| 46 | Новаци | | | | 0 | 0 |
| 47 | Прилеп | | | | 0 | 0 |
| 48 | Ресен | | | | 0 | 0 |
| | Полошки регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 49 | Боговиње | | | | 0 | 0 |
| 50 | Брвеница | | | | 0 | 0 |
| 51 | Врапчиште | | | | 0 | 0 |
| 52 | Гостивар | | | | 0 | 0 |
| 53 | Желино | | | | 0 | 0 |
| 54 | Јегуновце | | | | 0 | 0 |
| 55 | Маврово и Ростуша | | | | 0 | 0 |
| 56 | Теарце | | | | 0 | 0 |
| 57 | Тетово | | | | 0 | 0 |
| | Североисточен регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 58 | Кратово | | | | 0 | 0 |
| 59 | Крива Паланка | | | | 0 | 0 |
| 60 | Куманово | | | | 0 | 0 |
| 61 | Липково | | | | 0 | 0 |
| 62 | Ранковце | | | | 0 | 0 |
| 63 | Старо Нагоричане | | | | 0 | 0 |
| | Скопски регион | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| Ред.Бр. | Регион/Општина | Вид на надзор | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилн. |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонред. надзор | Контрол. надзор | | |
| 64 | Аеродром | | | | 0 | 0 |
| 65 | Арачиново | | | | 0 | 0 |
| 66 | Бутел | | | | 0 | 0 |
| 67 | Гази Баба | | | | 0 | 0 |
| 68 | Ѓорче Петров | | | | 0 | 0 |
| 69 | Зелениково | | | | 0 | 0 |
| 70 | Илинден | | | | 0 | 0 |
| 71 | Карпош | | | | 0 | 0 |
| 72 | Кисела Вода | | | | 0 | 0 |
| 73 | Петровец | | | | 0 | 0 |
| 74 | Сарај | | | | 0 | 0 |
| 75 | Сопиште | | | | 0 | 0 |
| 76 | Студеничани | | | | 0 | 0 |
| 77 | Центар | | | | 0 | 0 |
| 78 | Чаир | | | | 0 | 0 |
| 79 | Чучер-Сандево | | | | 0 | 0 |
| 80 | Шуто Оризари | | | | 0 | 0 |
| ВКУПНО | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

## ОБУКА НА ИНСПЕКТОРИТЕ И АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

За периодот Јануари-Јуни спроведени се повеќе обуки поединечно според материјалните закони на инспекторите.

Додека дел од инспекторите учествуваа и на zoom обуки кои беа спроведени поединечно според материјалните закони на инспекторите.

Се надеваме дека во второто шестмесечје ќе се организираат и реализираат повеќе специјализирани обуки согласно материјалните закони, како и генеричките обуки предвидени во Годишниот план за обуки на одделението.

## БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ

За спроведување на Планот за работа на Одделението за инспекциски работи - Инспекторат потребните финансиски средства беа обезбедени од Буџетот на Општина Босилово за 2025 година.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во изминатиот период Одделението за инспекциски работи - Инспекторат во Општина Босилово нема реализирано меѓународна соработка.

## МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

Во изминатиот период Одделението за инспекциски работи - Инспекторат во Општина Босилово согласно одлуката од страна на Советот на Општина Босилово, Василево и Ново Село и согласно Законот за меѓуопштинска соработка има остварено меѓуопштинска соработка со Општина Василево и Општина Ново Село за давање на услуги од страна на овластен градежен инспектор и просветен инспектор.

Согласно на тоа се поведоа инспекциски постапки и во наведените општини.

## ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ИНСПЕКЦИСКАТА СЛУЖБА

Инспекциските служби во рамки на други активности вршеа и надзорни посети од своите области и надлежности од превентивен карактер, без поднесена претставка, но со цел навремено да се спречат неправилностите. Другите активности за одредени инспектори се опишани во делот на опис на извештаите на инспекторите.

Во изминатиот период овластените инспектори имаа добра континуирана соработка со МВР-СВР Струмица, Државните инспекторати, Инспекцискиот совет и ЗЕЛС.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Во изминатиот период, приближно беа исполнети планираните инспекциски надзори кај секоја инспекција поединечно. Инспекторите спроведуваа надзори секој во својата област (некаде повеќе вонредни во однос на редовните надзори) врз основа но кои се откриваа неправилностите и се донесуваа различни инспекциски мерки.

Најголем проблем во Одделението за инспекциски работи - Инспекторат како што и предходно е напоменато е недостатокот на човечки ресурси посебно правник во Одделението кој би ги исполнувал своите работни задачи околу проверка на актите кои се донесуваат од страна на инспекторите како и жалбени и прекршочни постапки. Сите области од инспекцискиот надзор треба да бидат покриени со инспектори со звање советник за да можат во целост да ја спроведуваат инспекциската постапка согласно коефициентите на сложеност дадени во Законот за инспекциски надзор.

Затоа во наредниот период потребно е што е можно поскоро од страна на општината да се превземат мерки за систематизирање на работно место во Одделението за инспекциски работи - Инспекторат во Општина Босилово во кој ќе се предвиди правник со работно искуство кој ќе помага на инспекторите во спроведување на инспекциската постапка согласно позитивните законски прописи од областа на инспекцискиот надзор и материјалните закони.